РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

За:

Бр. 03-15

Скопје 29.05.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Предмет: Известување за претставка

Почитувани,

Ве известуваме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна претставка (наш бр. 03-15 од 29.05.2020 година), во врска со емитувањето спот на партијата Интегра на програмата на ТВ Сител.

Агенцијата го потсети испраќачот на претставката дека согласно со Уредбата со законска сила на Владата на РСМ, бр. 44-2413/1 од 21.03.2020, за прекин на сите дејствија за спроведување на изборите и за сите прашања поврзани со изборниот процес, сите изборни дејствија се прекинати. Оттаму, членот 75-д, чијшто став 1 се однесува на забраната за емитување платено политичко рекламирање во периодот од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања, во моментов не се применува.

За емитувањето политичко рекламирање во овој период важат одредбите за рекламирање од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

директор

---------------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ